ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-1219/2
12-07-2022

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 67-та седница одржана на 13.05..2022 година ја донесе следната

*Одлука*

Пријавата за проверка на податоците за имотната состојба од анкетните листови за лицето ------------------, СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот број 08-1219/1 од 18.02.2022 година.

Предметот со број 08-1219/1 од 18.02.2022 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*Образложение*

Предметот број 08-1219/1 од 18.02.2022 година е оформен по анонимна пријава.

Во пријавата е наведено дека -------------------- поседува фирма „------------------" која е стекната на сомнителен начин како и дека не го има пријавено целокупниот имот во анкетниот лист и дека неговата фирма склучила договор за ископ на руда со ----------------- иако притоа рудникот располагал со потребните машини за ископ на руда. Во пријавата не е наведено на која функција е носител лицето ---------------------.

По извршената проверка во базите на податоци со кои располага Државната комисија за спречување на корупцијата како и проверка во Службен весник на РСМ утврдено е дека лицето нема поднесено анкетен лист до Државната комисија за спречување на корупцијата како и дека нема докази дека лицето е избрано или именувано лице на било која функција.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска